

Пчеларство може да биде фасцинантно хоби, профитабилна споредна работа, или професионална дејност.

Можеби ќе посакате да ги задржите пчелите заради прекрасниот свеж мед што го произведуваат, за придобивките од нивните скапоцени услуги како опрашувачи, или можеби едноставно за уживање и проучување на едни од најинтересните инсекти во природата.
Речиси секој може да чува пчели. Медоносни пчели нормално е да се бранат како и да ги бранат нивните колонии но кога со колониите се постапува правилно и се превземаат неопходните мерки на претпазливост, боцкањето од нив не се голем проблем. Повеќето од пчеларите ќе развијат толеранција за пчелниот отров со текот на времето и ќе имаат намалена чувствителност на болка и оток. Сепак, оние луѓе кои жестоко реагираат на пчелиниот отров и поленовиот прав или кои се во можност да добијат



алергија од пчелиното боцкање треба да избегнуваат контакт со пчели.
Повеќето пчелари во Македонија се хобисти. Пчеларство генерално се смета за ситна индустрија. Сепак, поради својата заедничка врска со земјоделството и зависност на овоштарите од опрашването со медоносната пчела, пчеларството е многу поважено отколку само вредноста на восок и произведениот мед годишно.
Овој прирачник е за сите пчелари а пред се за почетниците и ке допринесе за подобро разбирање на биологија на медоносната пчела, првите чекори, управување со пчелина колонија за забава и / или профит и е дизајниран да ви помогне да стане успешен пчелар. Добредојдовте во светот на пчеларството.